# ПРИШИЛА: Едукативна програма за млади лица со интелектуална попреченост за ризиците од интернет и сексуалното сајбер-насилство

Проектот ПРИШИЛА е осмислен со цел превенција и заштита од ризиците од сексуално сајбер-насилство, закана што сè повеќе се шири со зголемената употреба на социјалните мрежи. Иницијативата е насочена кон млади лица на возраст од 18 до 25 години со интелектуална попреченост, и одговара на потребата за нивно насочување и поддршка во безбедно и одговорно користење на социјалните мрежи.
Како дел од оваа иницијатива беше креирана **сеопфатна едукативна програма** која опфаќа модули на клучни теми поврзани со онлајн безбедноста и дигитална благосостојба. Програмата е прилагодена за примена во различни опкружувања што ги посетуваат младите со интелектуална попреченост и има за цел да им помогне да ги искористат социјалните мрежи на најдобар начин–како простор за позитивна интеракција, личен развој и самоизразување. Главната цел е да се развие поголема самостојност и дигитална самодоверба кај младите, да се зајакне нивното чувство на идентитет, самосвест и самопочит, и истовремено да се намалат ризиците од сексуално вознемирување и сајбер-насилство.

**Структура на едукативната програма**

Образовните принципи во основа на програмата вклучуваат вештини за донесување одлуки, самостојност, чувство на контрола и поттикнување независност. Програмата се заснова на пристапот *учење преку практика*, со користење на интерактивни и практични методи кои поттикнуваат активно учество и разбирање. Овие методи вклучуваат физички активности, визуелни помагала, игри на улоги, практични вежби и описно раскажување.

Програмата се состои од пет модули:

*1) Виртуелни наспроти реални врски*: им помага на младите подобро да ги разберат емоциите и начинот на кој тие се изразуваат. Овој модул ги објаснува разликите меѓу пријателството и љубовта, важноста на самопочитта и донесувањето независни одлуки. Исто така, ги разгледува Виртуелните и реалните врски, со примери на здрави релации и знаци на токсични врски;

*2) Вовед во социјални медиуми*: учи како да се препознаат најчесто-користените социјални платформи, зошто луѓето ги користат и како комуницираат онлајн. Модулот прикажува корисни акции за зголемување на безбедноста, како што се барање помош, користење на достапните алатки и препознавање кога нешто не е во ред. Исто

*Финансиран од Европската Унија. Искажаните гледишта и мислења се само на авторот(те) и не ги одразуваат тие на Европската Унија или на Европската извршна агенција образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да се сметаат одговорни за нив.*
*Број на проект: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271*

Co-funded by the European Union

така, модулот подучува за тоа како социјалните медиуми можат да бидат корисни, но и како можат да создадат потешкотии во односите со другите

3) *Потенцијални ризици при користење на социјални мрежи:* препознавање на главните онлајн опасности, како што се сајбер-насилство, измама и кражба на податоци. Модулот ги опишува овие ризици и начините за заштита;

*4) Безбедно користење на социјалните мрежи*: се фокусира на онлајн приватноста и зошто е важно таа да се заштити. Дава практични совети за чување и заштита на личните информации како и за користење на социјалните медиуми на побезбеден и поодговорен начин. Целта е да се поттикне дигитална независност и благосостојба;

*5) Пронаоѓање решенија и барање помош:* се фокусира на тоа да се научат младите како да постапат доколку се соочат со сајбер-насилство, со посебен акцент на сексуално вознемирување. Првиот дел дава практични, чекор по чекор упатства за тоа што да се направи. Вториот дел објаснува колку е важно да се изгради мрежа од доверливи луѓе, како членови на семејството, пријатели и професионалци, кои можат да им помогнат и да ги заштитат.

Овие модули се креирани со цел да им помогнат на младите со интелектуална попреченост да: подобро разберат дека социјалните медиуми може да бидат корисни, но исто така и штетни; да препознаваат потенцијално ризични ситуации при користење на социјалните медиуми; да научат стратегии за побезбедно користење на медиумите; да дознаат кога и кому да се обратат за поддршка и пријавување на лошо искуство.

Едукативната програма е бесплатна и достапна на македонски јазик. Можете да ја преземете од веб-страницата на проектот, во делот „Резултати“, на овој линк: *https://priscillaproject.eu/results-2/*

**Пилотирање на едукативната програма**

По валидацијата на наставниот курикулум за едукативната тренинг-програма од страна на пет национални одбори и еден Европски одбор, едукативната програма беше пилотирана низ земјите-партнери на Европскиот конзорциум. Целта на ова пилотирање беше да се тестира нејзината практична примена и да се обезбеди нејзината приспособливост кон различни национални контексти и да се колектираат значајни повратни информации во пилот-фазата**.**

Вкупно, пилотирањето вклучи повеќе од 82 млади лица со попреченост во пет европски земји. Резултатите потврдија дека, со целни прилагодувања, младите со интелектуална попреченост можат успешно да се справат со сложени теми како онлајн безбедност и сајбер-насилство.

*Финансиран од Европската Унија. Искажаните гледишта и мислења се само на авторот(те) и не ги одразуваат тие на Европската Унија или на Европската извршна агенција образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да се сметаат одговорни за нив.*
*Број на проект: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271*

Co-funded by the European Union

Учесниците покажаа зголемена самодоверба, разбирање и свесност. Користењето на едноставни термини, позната средина и практични активности се покажаа како клучни фактори што го поддржуваа процесот на учење.

Пилотирањето спроведено во различните земји-партнери истакна неколку клучни достигнувања:

- **Свесност за ризици:** значително зголемена;
- **Детектирање на закани:** стабилни и солидни компетенции;
- **Приватност и комуникација:** добро усвоени концепти;
- **Парадокс на чувството на безбедност:** поголема свесност која доведе до пониско перцепирано чувство на безбедност;
- **Решавање проблеми:** повисок степен на самодоверба;
- **Сајбер-насилство:** повеќе учесници признале дека го доживеале.

Содржината на едукативната програма се покажа како релевантна како за возрасни, така и за младите тинејџери, што го потврдува потенцијалот на проектот за примена на пошироко ниво. Неговата прилагодливост овозможува активно учество и поголема практична примена во секојдневниот живот. Дополнително, сесиите придонесоа за подобро разбирање на меѓучовечки односи, соодветно и несоодветно виртуелно однесување, онлајн ризици, самопочит и почитување на другите, културно однесување и начини на барање помош. Креирањето на безбедна и не-осудувачка средина поттикна отворена дискусија на чувствителни теми и им помогна на учесниците во контрола на потенцијалното неумерено наклонети однесувања кон непознати лица.

Проектот ПРИШИЛА докажува дека преку инклузивни и интерактивни едукативни програми може на младите со интелектуална попреченост да им се понудат конкретни алатки за побезбедно и по-информирано користење на социјалните медиуми. Пилотирањето покажа не само зголемување на вештините и самодовербата, туку укажа и на важноста од комбинирање на знаењето со континуирана емоционална поддршка. Со својот иновативен и прилагодлив пристап, проектот поставува основи за примена на пошироко ниво, со цел креирање на побезбедни, по-инклузивни и поодговорни дигитални заедници.

*Финансиран од Европската Унија. Искажаните гледишта и мислења се само на авторот(те) и не ги одразуваат тие на Европската Унија или на Европската извршна агенција образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да се сметаат одговорни за нив.*
*Број на проект: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271*

Co-funded by the European Union

www.priscillaproject.eu

За повеќе информации и новости за проектот ПРИШИЛА , посетете ја веб страницата www.priscillaproject.eu и следете нѐ на социјалните медиуми со користење на хаштагот _**#PRISCILLA_PROJECT**.

**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

Проектот ПРИШИЛА е имплементиран од конзорциум координиран од ASSOC (Романија), а составен од: Anziani e non solo (Италија), EDRA (Грција), INTRAS (Шпанија) и КМОП Скопје (Р. С.Македонија).

Повеќе информации за конзорциумот можете да пронајдете на: https://priscillaproject.eu/#Partners

Брошурата на проектот е достапна на англиски, романски, грчки, македонски, италијански и шпански јазик и може да се преземе тука: https://priscillaproject.eu/downloads/

Контекст:

Се чувствува сѐ поголема потреба за поттикнување на дигиталната инклузија на младите со интелектуална попреченост (ИП). Иако интернетот и социјалните мрежи нудат значајни можности за социјална интеракција, самоизразување и личен развој, тие истовремено носат и специфични предизвици и ризици, особено за ранливи групи како што се лицата со ИП. Овие млади често се повеќе експонирани на онлајн закани, како што се сексуално вознемирување и сајбер-насилство, кои можат значително да влијаат на нивната благосостојба и чувство на идентитет.

ПРИШИЛА е кофинансиран од Еразмус+ програмата според Договорот за грант: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271

*Финансиран од Европската Унија. Искажаните гледишта и мислења се само на авторот(те) и не ги одразуваат тие на Европската Унија или на Европската извршна агенција образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да се сметаат одговорни за нив.*
*Број на проект: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271*

Co-funded by the European Union